# МКД 01

## Доделена компензација  во висина од 400 000 , но сеуште не е реализирана

Две жителки на Албанија на возраст од 17 и 19 години биле жртви на сексуална експлоатација и присилен труд од страна на повозрасна жена во Република Северна Македонија. Малолетната жртва пристигнала во Македонија со мајка си и очувот, шест месеци пред да се случи кривичното дело, додека другата жртва дошла со пријател од Косово. И двете жртви, во различни наврати биле убедувани да останат во домот на сторителот и им била ветувана легална работа со добра заработувачка. Кога почнале да работат, сторителот ги принудувал да работат како келнерки и тоа со долго работно време и без надоместок. Притоа, работеле и како придружба на клиентите а потоа нуделе и сексуални услуги. Биле принудувани и да даваат сексуални услуги на разни мажи во низа хотели и барови. Во полициска рација во еден ноќен клуб, девојките биле откриени и упатени во Центарот за жртви на трговија, каде што ја добиле потребната психо-социјална помош и правна заштита од страна на Ла Страда - Отворена Порта. Кривичната постапка траела од 2012 па сѐ до 2016 а сторителот бил осуден на 6 години затвор. Една од жртвите, преку својот правен застапник, побарала компензација од 400.000,00 денари (€6.500,00). Другата жртва, која патем била малолетна во текот на кривичното дело, не побарала компензација.